Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

30 март, 2021

**АРХИВСКИ БРОЈ: УП1 104-359/21**

**ДО: ДТУ„Агромаркет Игор“ Дооел, с.Владевци, Струмица**

**М.в Голем Рид бр.202, с.Владевци о.Василево, Струмица**

**-Државен инспекторат за земјоделство**

**ПРЕДМЕТ: Решение за евидентирање во листа на ѓубрињa, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата**

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 14 став (3) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрињата, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 154/15 и 39/16) а во врска со член 4, 5 и 6 од Правилникот за постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата за ѓубрињата кои се увезуваат („Службен весник на Република Македонија“бр.96/09), по поднесено барање од **ДТУ„Агромаркет Игор“ Дооел, Струмица, со УПбр.104-359/21 од 23.03.2021 година,** Раководителот на сектор врз основа на Правилник за организација при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за евидентирање во Листата на ѓубрињa, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата

на подносителот **ДТУ„Агромаркет Игор“ Дооел,** со седиште во **М.в Голем Рид бр.202, с.Владевци о.Василево, Струмица** за евидентирање на органо-минерално ѓубриво **“AA+Vit”** во Листа на ѓубрињa, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, произведено од правното лице **„NATURE SA“ Nea Efesos, 60100, Грција** кое е увезено во Република Северна Македонија од горенаведениот субјект и истото се пушта во промет на територијата на Република Северна Македонија под следните услови:

**1.ПОДАТОЦИ ЗА ЃУБРЕТО:**

**Физички својства:**

| ТЕСТИРАН ПАРАМЕТАР | ДОБИЕНИ ВРЕДНОСТИ | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|---|
| Влага % | 4,10 | Max 5,0 |
| Облик,боја, мирис | Прав, жолта, оштар | |
| Растворливост % | 100 | 100 |

**Хемиски својства:**

| ТЕСТИРАН ПАРАМЕТАР | ДОБИЕНИ ВРЕДНОСТИ | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|---|
| Органска материја % | 37,0 | 32,0 |
| Пепел-минерални компоненети % | 63,0 | / |
| Калиум растворлив во вода ($K_2O$) % | 30,12 | 30,0 |


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона
Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**2.СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ:**

**Дејство:**

**AA+Vit** се користи во поледелство, градинарство, овоштарство, лозарство, расадничко производство, како и во шумарството. Се користи и во органско и конвенцијално земјоделското производство.

**Начин на делување:**

**AA+Vit** е органо-минерално ѓубриво со присуство на органска материја како и еден макро елемент калиум, во својот состав има и аминокиселини и витамини. **AA+Vit** е соодветен производ за подобрување на квалитетните карактеристики на земјоделските производи (боја, големина, арома, цврстина, нивоа на шеќер итн). Ја зголемува толеранцијата на растенијата во однос на неповолните климатски и еколошки услови, продолжување на периодот за зачувување на плодовите по бербата и исто така апсорпцијата и употребата на други ѓубрива и земјоделски производи. Ја подобрува стапката на фотосинтеза на растението со производство на хлорофил. Природните проитеини во **AA+Vit** ја забрзуваат клеточната делба преку аминокиселината што ја содржи. Овој производ поттикнува влакнесто искоренување во растенијата и ги подобрува активностите на микроорганизмите во почвата. Овој производ ја збогатува органската супстанција во почвата и како резултат ја регулира структурата на почвата и ја зголемува билошката активност. Со овој производ се зголемува отпорноста кон негативни стресни услови, приностот и квалитетот. Може да се примени на сите култури во одгледувањето. Погоден е за третман на почва или над лисја. Се применува со пресадување а апликацијата се повторува 2-3 пати во интервали од 14 дена. Ова органо-минерално ѓубриво има брзо и продолжено дејство, кое како форма е наменето за сите фено фази на раст и развој на земјоделскоте култури.

**Начин на примена:**

**AA+Vit** наоѓа примена во поледелството, стрните жита, пченка, соја, сончоглед, фуражни растенија како и тутунопроизводство. Наоѓа примена во градинарството, овоштарство, лозарство, цвеќарството, украсните растенија и во шумарството.

**Количини на примена:**

Количината на примена зависи од претходно направената анализа на почвата како и обезбеденоста на почвата со хумус (органска материја) како и останатите макро и микро хранливи елементи. Истото може да се користи пред почетокот на вегетацијата како и за време на вегетацијата.

**Ефекти од примена:**

Сите супстанци во растението дејствуваат позитицно: Олеснување на стресот по пресадување на растенијата и стимулирање на физиолошки активности. Ублажување на ефектите од абиотички стрес или ефекти на фототоксичност. Забрзува закрепнување на растенијата по екстремни температури (ниски/високи). Го забрзува вегетативниот раст на растенијата, се постигнува хормонална рамнотежа. Растот на растенијата, фотосинтезата и асимилацијата се подобрени. Цветницата и оплодувањето се подобруваат, засилен е коренскиот систем и внесот на хранливи материи.

**Мерки за претпазливост:**

Заштита на работниците. После работа, задолжително миење на раце и изложените делови на телото.

**Заштита на животната средина:**

Да не се контаминираат површинските води и останатите водени текови со препаратот или со амбалажа.

**Складирање и чување:**

Да се чува во оригиналното пакување, цврсто затворен на безбедно место. Чувањето да биде надвор од дофат на сончевите зраци и светлост на температура од +5 до 25°C.

**Транспорт:**

Овој препарат не е класифициран како опасна материја што се однесува на транспортот.

**3. ПАКУВАЊЕ:**
Производителот и застапникот се должни препаратот да го пуштат во промет во оригинално пропишано пакување, декларација и упатство на македонски јазик.
**4. РОК НА ВАЖЕЊЕ:**
Ова решение важи 5 (пет) години од денот на издавање на решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ДТУ„Агромаркет Игор“ Дооел,** со седиште во **М.в Голем Рид бр.202, с.Владевци о.Василево, Струмица,** поднесе барање **УП1бр. 104-359/21 од 23.03.2021 година** во својство на увозник на органо-минерално ѓубриво **“AA+Vit”** произведено од правното лице **„NATURE SA“ Nea Efesos, 60100, Грција** за евидентирање на органо-минерално ѓубриво **“AA+Vit”** во Листата на ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата. Фитосанитарната управа при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, а во согласност со доставениот извештај и стручно мислење бр. 09-6/18-2 од 26.01.2021 година од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ –Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје донесе Решение за евидентирање во Листата на ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата. По преглед на доставената документацијата се утврди дека баратеот ги исполнува условите предвидени со член 14 став (3) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрињата, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 154/15 и 39/16), во согласност со член 4, 5 и 6 од Правилникот за постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата за ѓубрињата кои се увезуваат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/09“).

Од напред наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова решение.
**Таксата по ова решение во износ од 1500,00 денари е наплатена и поништена.**

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, во рок од 15 дена од денот на добивање на ова решение.

**Раководител**
**на сектор за Агрохемија**
**Александар Диље**

Изготвил: Мерлина Чалаковиќ
Контролирал/Согласен: Фикрет Ајдини